05-1962/19

Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**
Бр. 09-1967/19
09. 05. 2019 2019 година
Скопје

Врз основа на член 28 став 1 од Законот за јавни набавки (Службен весник на Република Македонија" бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16 и 165/17) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на РМ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/2010 и 51/2011), по овластување на министерот за правда заменик Министерот за правда Оливер Ристовски донесе

# О Д Л У К А
## за избор на најповолна понуда

**Член 1**

За најповолна понуда, по спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуга за осигурување за потребите на Министерство за правда за период од една година согласно критериумите во техничката спецификација и тендерска документација, се избра понудата на понудувачот :

***"Национална група за осигурување***
***АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА Скопје"***

Член 2

Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ја спроведе оваа Одлука.

Член 3

Одлуката влегува во сила од денот на донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Министерството за правда врз основа на спроведената постапка со барање за прибирање на понуди согласно член 100 став 3 алинеја 2 од Законот за јавни набавки, со објавување на оглас бр. 25/2019 преку ЕСЈН, а по разгледување на доставените 6 (шест) понуди од страна на економските

оператори и спроведување на електронска аукција одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Одлучено во Министерството за правда под број 05-1967/19 на 09. 05. 2019 2019 година.

**Правна поука:** Против одлуката за избрана најповолна понуда може да се поднесе жалба во рок од 3 дена од денот на приемот на известувањето до Државната Комисијата за жалби по Јавни набавки на Република Северна Македонија преку Комисијата на јавни набавки на договорниот орган

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА

По овластување на Министер за правда
Заменик Министер
Оливер Ристовски

Подготвил: Насер Ќамили, Самостоен референт
Контролирал: Маја Стефковска Панева, Раководител на одделение